# ЗАПИСНИК
## од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 19.06.2020 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Методија Јанчески

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магадлена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Горјан Шеќеринов, Александар Џуваревиќ.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 23-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека г-дин Јанчески нема да биде присутен на седницата бидејќи оваа недела почина неговата мајка. Во врска со предложениот дневен ред објасни дека под Точка Разно има два дополнителни материјали и тоа Предлог за давање одобрување за набавка од мала вредност - потрошен информатички материјал за потребите на Агенцијата за изборниот процес, со проценета вредност од околу 50.000,00 денари и Барање од Здружението на електронски медиуми - Медиум објектив од Струмица во врска со форматот на видео снимките коишто радиодифузерите треба да ги доставaт до Агенцијата. Во однос на дополнителниот материјал рече дека дневниот ред не би го менувал и предложи двете точки кои се доставени во текот на денот да останат и да ги дискутираат под Разно.

Советот на Агенцијата, со двете точки под Разно, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.06.2020 година.
2. Предлог за измена на Упатството за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година.

3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ПЕТ НЕТ од Гевгелија.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ДРИМ САТ ИПТВ од с.Чегране, Гостивар.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на издавачот на печатен медиум КАПИТАЛ МЕДИЈА ГРУП од Скопје.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-Канцелариски материјали.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-Пијалаци и потреба за кујна.
8. Предлог за давање согласност за членство на Шведскиот совет за медиуми во ЕПРА и за усвојување на Завршната финансиска сметка на Секретаријатот на ЕПРА за 2019 година.
9. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.06.2020 година.

Г-дин Фиданоски имаше правописни забелешки. Предложи во дел од неговата дискусија зборот „сватил“ кој се повторува да се замени со „разбрал“ и на страна 8 од записникот зборот „предпладне“ да се коригира во „претпладне“.

Советот со вградените забелешки од г-дин Фиданоски едногласно го усвои Записникот 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.06.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за измена на Упатството за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година. Објасни дека измените на Упатството се направени поради последната Уредба за спроведување на парламентарните избори за 2020 година со која се донесоа измени во лимитите за ППР и нема никакви други суштински промени. Имено секаде каде имаше 4 минути се заменуваат со 6 минути. Исто така направена е промена во табелата за 12-те помали партии и сега наместо 1 минута имаат на располагање 2 минути. Посочи дека до Агенцијата пристигна предлог од партијата СДУ, а всушност тоа е коалиција во која влегува Македонски концепт односно Петар Богојески кој достави добар предлог како да биде направен распоредот. На таков начин скоро во целиот ден ќе бидат застапени сите претставници на 12-те политички партии по 30 секунди. Другиот предлог со кој ја фаворизираше неговата партија и коалиција не се прифати односно во предложениот текст е задржан принципот групите да бидат составени според редоследот од Листити на кандидати потврдени од ДИК. За разлика од претходното Упатство наместо промената да оди на секој два дена сега ќе оди на три дена. Во Табелата има шема на распределба за

ППР која ќе оди прв, втор и трет ден а потоа таа се повторува до завршување на изборниот процес. Другите две забелешки кои стигнаа од Супер радио од Охрид и од директорот на ТВ Канал 5 не се прифатени.

Г-дин Фиданоски рече дека очигледно ќе има повеќе ППР во изборниот процес со последната Уредба со законска сила поради која и се прави ургентна измена во Упатството. Според него овој документ е согласно дискусијата од минатиот пат, коректно срочена со рамноправен пристап на сите учесници во изборниот процес. Впрочем во една од забелешките што не е прифатлива, одговорот ја одразува суштината на тоа зошто Советот носи вакво Упатство. Сите учесници треба да бидат рамноправни во изборниот процес а тоа значи да имаат рамноправен пристап и во изборното медиумско претставување. На овој начин смета дека и тоа ќе го добијат. Рече дека ќе ја искористи оваа прилика за да искаже загриженост за друга тема која може да биде поврзана. Стравува од можна ескалација на проблемот што го имаат националните телевизии и операторите што може да доведе до загрозување на овој изборен процес преку невозможноста да се направи на вистински начин изборното медиумско претставување. Ова е друга тема и доколку не се најде решение може таа ескалација да создаде проблеми во овој предизборен период. Што се однесува до Советот рече дека нивната работа во изборниот дел ќе ја завршат успешно. Обрна внимание на табелата во Точка 4 каде се наведени имињата на субјектите што ќе учествуваат во изборите и се дадени часовите со прв, втор и трет ден, и најдолу има два реда без имиња на субјекти а тие се prime time. Побара објаснување што тоа значи?

Г-дин Трајчевски одговори дека во табелата има колони, на пример во првата има по 4 партии и тие ги користат сите времиња не само тоа од 6 до 7 туку во еден реален час овие 4 партии или коалиции имаат по 30 секунди и тука се наведени за првиот ден во кој реален час секој од нив може да користи по 30 секунди, во втората колона - вториот ден, третата колона во третиот ден. Потоа четвртиот ден започнува повторно со првиот ден. Тие две места подолу што се слободни се однесуваат на првата колона бидејќи тамо има 4 субјекти.

Г-дин Петрушевски рече дека сегашниот предлог е голем напредок за партиите што се ставени во оваа група. Тие наместо 3 часа во текот на денот сега добиваат 6 часа за да бидат презентирани. Тоа е многу големо подобрување, би рекол поправично. Исто така и за поголемите партии што се во првата група тие добиваат 50% зголемување што го оправдува од причини што поради корона вирусот нема да можат да остварат непосреден контакт со граѓаните и на овој начин е побезбедно да имаат повеќе време на медиумите а граѓаните да не прават големи собири и да се влоши ситуацијата со вирусот. Иако сега нема конкретно барање ниту имаше во последните 4 месеци од политичката партија Беса, освен еднаш најава дека ќе поднесат кривична пријава до Советот и до Агенцијата што значи дека таа пријава се однесува и на вработените што го направиле Упатството и на директорот иако само тој лично е спомнат. Нема да ги објаснува одлуките на Советот затоа што се темелат на Законот. Тие се исправни, убеден е во тоа и сосема спокоен, само му е жал за самата политичка партија зошто се довела во ваква ситуација и лично смета дека се измамени и нема потреба да го прават тоа што го прават.

Г-дин Фетаи рече дека минатиот пат дискутирал, Методологијата во целост беше усвоена без забелешки кога беше на јавна расправа и увид. Тоа значи дека е стручно

направена, се е вметнато во смисла на реализација и обврска од Изборниот законик и од она што регулаторот го прави. Повторното разгледување е поради таа специфична состојба што во меѓувреме Владата донесе промена на времетраењето на ППР од 9 минути на 14, што е добро. Сега има повеќе време но има за жал исти средства. Времето се зголемило, парите остануваат исти како во таа народна максима „колку пари толку музика" . Медиумите во овој случај се задоволни дека имаат 9 минути плус 5 минути повеќе, но дали ќе успеат со пари да се покрие ова време со оглед на цените кои ги имаат и со оглед на секундите кои имаат своја цена тоа е друга работа. И тој се согласува ако на сите и на регулаторот и на ДИК и на Владата па и на политичките партии целта е како да им служат на граѓаните секој од свој агол и од своите законски обврски. Тогаш ако идејата на изборите е да политичките партии до граѓаните допрат со нивните пораки, програми, во овие околности на пандемија малку потешко е тоа да се реализира, да се дојде до секој граѓанин. Во минатото сите се сведоци на големите политички собири по 50 и 100 илјади луѓе, тоа поради пандемијата сега е невозможно. За да се ублажи малку таа состојба гледа позитивно на тие 5 минути. Иако од друг аспект гледано 14 минути ППР плус 12 минути што медиумите ги имаат како редовна можност за економско рекламирање тоа би дошло 26 минути на реален час што гледачите ќе можат да ги гледаат бидејќи и така поретко се движат надвор заради пандемијата. Го поздравува новото избалансирање во поглед на помалите партии кои се надвор и од позиција и од опозиција да им се овозможи поадекватно да го реализираат своето медиумско платено политичко претставување. Ова го поддржува. Во врска со кривичната пријава бидејќи поради ова е и таа кривична пријава, рече дека го следел директниот пренос од седницата на ДИК првиот ден кога еден член од комисијата иако би требало како ДИК со оглед на позицијата законски што ја имаат во смисла на една неутрална професионална институција на менаџирање на изборите, тамо се гледаат од далеку политичките припадности на членовите, иако тие немаат никаква допирна точка, законска и овластување да ја оценуваат Методологијата на Агенцијата. Таа е направена според сите стандарди па после 3 месеци никој не се јави и да даде забелешки. Знае зошто не се јавиле, не се јавиле затоа што секој малку подобар правник и подобар познавач на оваа состојба е свесен дека во изборната кампања учествуваат тие субјекти кои се овластени, лиценцирани односно бенефицирани од државната изборна комисија. Тие си дадоа за право, на пример на седницата каде што изгледаа многу смешно и непрофесионално како да се директни претставници на политичките партии. Политиката ја смета како позитивна појава, регрутирање на луѓето компетентни на одредени места. Собранието е највисоко политичко тело бидејќи пратениците се како претставници на политичките партии, избрани од политичка листа. Од Собранието излегуваат сите независни регулаторни тела, избор на претседатели на судии и слично. Но тоа не значи дека тие својата дејност ќе ја вршат во исполнување на политичка функција, зависни од политичката партија. Тоа е начинот на демократијата мора некој да те предложи. Во таа смисла сега и ДИК, жали што излегле од нивните законски овластувања па размислуваат за распределба на времето за ППР. А се со цел, се гледаше дека оваа политичка партија БЕСА која сака да има свое посебно место, посебно време што е нивна цел но за жал тие веќе постанаа законски дел од една предизборна коалиција која се регистрирала како еден субјект со една жиро сметка. Смета дека е неоправдано и го поздравува одговорот што го даде Агенцијата првично до јавноста дека се смета како политички притисок, како непринципиелно, несоодветно. Смета дека политичката партија БЕСА ја немаат ни прочитано 3 месеци Методологијата. Се мотивираа од таа седница на ДИК каде што еден

член на ДИК до крај инсистираше да ги информираат партиите, да се консултираат политичките партии, како на пазар, ова не е политичко пазарење, ова е стручна, соодветна, конципирана Методологија, врз основа на сите параметри кои се применуваат во оваа област. Во врска со кривичната пријава рече дека може ќе има шанса Советот да се докаже и на суд дека постапиле законски, уште една можност да се докаже дека се регулатор што ги почитува стандардите, принципите, за кои и се избрани во крајна инстанца да бидат тука каде и се.

Г-дин Петрушевски рече сигурен е дека Советот постапил правилно исто и службата и директорот, и сосема е спокоен во таа насока.

Г-дин Трајчев рече дека прашањето е дали Советот постапил законски. До сега секогаш сите работи што ги работеле на седниците, секогаш постапувале законски. И кога имало некогаш некоја колизија во законот, кога имало дилеми, ги дискутирале максимално за да го најдат патот кој е согласно Законот. Нивната обврска е таа, затоа и се избрани, и нивна должност и обврска е секогаш тоа и да го почитуваат. Во врска со Предлог-упатството рече дека од Стручната служба на Агенцијата претходно имаше нацрт-упатство кое беше многу долго време отворено за секоја заинтересирана страна да даде свој предлог, доколку има забелешки во функција на подобрување на тоа упатство и во функција на почитување на законот. Од политичката партија БЕСА или од било кој друг субјект немаше никакви забелешки во оваа насока. Сегашната реакција за него е зачудувачка. Размислувал дали можеле различно да постапат, дали има некои елементи коишто ќе ги земе како аргументи дека тие се во право. Не нашол таква работа, напротив гледајќи го упатството што го донеле за претседателските избори и кое се примени е исто како ова сега, со истиот закон, со истите одредби кои беа почитувани, Дополнително Уредбата нова од страна на Владата која има законска сила и во оваа вонредна состојба има сила на Закон, не навлегува во делот каде што Агенцијата го носи ова Упатство, напротив само ги зголемува минутите. Доколку имало потреба од различно толкување на тој закон или на носење на друга форма која Советот треба да ја примени, Владата со таа Уредба тоа и ќе го направела, има време и сега да го направи, затоа што вонредната состојба се уште трае. Уредбата не се однесува во ниеден сегмент на деловите од законот што го покриваат ова Упатство. И практично гледајќи ја оваа нивна позиција не можат никако поинаку да постапат. Има иста форма на упатство кое е веќе применето во претседателските избори каде немаше никаква забелешка од никој, како работа која веќе е завршена и си ја дала својата функција и трет најбитен аргумент е Владата во новата Уредба воопшто не ги променува одредбите од законот на кое се заснова ова упатство, само го дефинира делот за зголемување на минути. Ако имале некаков договор или желба различно да биде регулирано она што Агенцијата со ова Упатство го носи, можеле со таа уредба, можат и сега со траењето на вонредната состојба тоа различно да го постават. Самиот факт дека таа уредба е во функција на ова упатство, ги зголемува минутите а не навлегува во делот на подносители на листи или во друго толкување на правото за минути, кажува дека немаат друга можност за оваа ситуација. Во овој момент не гледа ништо друго со што би можеле различно да постапат освен да донесат упатство кое во нацрт форма е поминато, потоа во фаза на јавна расправа, исто е како упатството за претседателските избори и со последнаата Уредба Владата воопшто не ги менува тие одредби коишто се поврзани со некаква можност да биде тоа различно применето. Единствен начин е да постапат со усвојување на ова упатство, нема друга законска основа.

Г-дин Фетаи рече кога г-дин Трајчев ја објаснуваше и ја освежи состојбата во смисла на можностите на Владата во вонредни состојби да носи Уредби со законска сила и дека можела да го измени ова, се надева дека не ги слушаат ова што сега го дискутираат и дека не слушала ни ДИК бидејќи тие преку ноќ ќе го сменеа или можеби имале отпор во самата Влада затоа што е техничка Влада па сигурно не би се согласиле другите. Инаку рече се е можно, уште три-четири дена трае вонредната состојба до среда кога и започнува изборната кампања, па се надева дека не ги слушаат и нема да донесат друга Уредба.

Г-дин Трајчев се надоврза и рече дека идејата не му била во тој дел да навлегува туку од правен аспект анализирал што се нивните можности. До сега што се случувало, има Упатство што ги има поминато сите фази, нема никакви забелешки во тој дел, има идентично Упатство за претседателските избори, има Уредба која е скоро донесена и која во ниту еден дел не ги менува основите на ова упатство само минутите, така што од тој аспект беше дискусијата. Објасни дека во вакви и слични ситуации секогаш размислува дека треба да се преиспитаат да не има некоја грешка при примената на законот затоа што најважна работа за Советот е да го почитува Законот и да носат одлуки во согласност со законот. Во таа насока го коментирал тој дел дека во моментот како што се поставени работите тоа е единствен начин Советот да постапи.

Г-дин Фидаонски рече дека и г-дин Фетаи и г-дин Трајчев биле инспиративни и го мотивирале да се приклучи кон дискусијата. Се согласува дека правно Владата можела да реагира ако сакала со измена на Уредбата, меѓутоа не реагирала. Политички ако се говори не е баш целисходно да се интервенира во овој домен кога станува збор за покривањето на изборите. Изборниот процес е сензитивна материја а Македонија е аспирант за кандидат во ЕУ, и Владата не треба и не може без разлика дали е вонредна состојба или не туку така да се меша во секој детал. На Агенцијата како институција и е дадена одговорност во овој дел за прв пат. Од работата на Агенцијата и Советот зависи исплатата на јавните пари што ќе ги добијат медиумите за ППР. Затоа од тој аспект регулаторот има дополнителна обврска народски кажано „три пати мери еднаш сечи" за тоа како ќе се спроведе и како ќе се мониторира целиот изборен процес. На крајот од денот од извештаите на Агенцијата зависи исплатата на парите кои ќе ги добијат медиумите преку емитуваните во етер минути на ППР. Тоа е едниот дел. Вториот дел најважно за Агенцијата и Советот е оценката на јавноста или оценката на релевантните субјекти кои оценуваат како се одвивале изборните процеси, во овој случај ОБСЕ и ОДИХР. Би го почекал нивниот извештај за тоа како ќе ја оценат работа на Агенцијата па потоа ќе може да дискутираат. Дали политички партии или политичари на дневна основа сакаат да ги искритикуваат тоа е друга работа кое може да се подведе како желба за криктика или желба за промоција или да станат интересни во денот кога тоа е пуштено во етер. Рече дека не му е јасно зошто БЕСА доставила кривична пријава до претседателот на Советот бидејќи тој само го претставува Советот, тој е прв меѓу еднаквите а одлуката е на сите членови на Советот. Во досегашната пракса и по други прашања имале незадоволни страни, покренувале тужби но тоа не значи дека треба да ги менуваат нивните ставови и одлуки од тоа кој како е задоволен или незадоволен а инволвиран во процесот. Му порача на претседателот на Советот да не се грижи, сигурно тоа ќе биде како народната „секое чудо за три дена". Верува како и што досега биле на висина на задачата така ќе биде и овој пат, затоа што нема дилема дека ќе го мониторираат целиот изборен процес онака како што треба.

Г-дин Петрушевски рече битно е за Советот да остане балансиран, неутрален, професионално да ја врши работата и со денешните дискусии покажале дека продолжуваат во тој правец. Јавноста и иднината ќе цени дали се во право но тој е убеден дека се во право и сосема е спокоен.

Советот на Агенцијата едногласно донесе ново Упатство за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година поради промената на лимитите за платено политичко рекламирање со Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.160/20) донесена на 15 јули 2020 година од Владата на Република Северна Македонија.

Советот на Агенцијата го поништи Упатството за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година бр.01-2545/1 од 15.06.2020 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното упатство да го објави на веб сајтот на Агенцијата (www.avmu.mk) и да го испрати по електронска пошта до сите радиодифузери

**Точки 3,4 и 5**

Г-дин Трајчевски побара раководителката на Секторот за Стратешко планирање и авторски права да даде едно заедничко образложение за трите предложените јавни опомени а потоа дискусијата може да се одвива за секоја точка поединечно.

Г-дин Петрушевски се согласи и побара од раководителката да даде објаснување за прекршокот од операторите ПЕТ НЕТ од Гевгелија и ДРИМ САТ ИПТВ од с.Чегране, Гостивар и за издавачот на печатен медиум КАПИТАЛ МЕДИЈА ГРУП од Скопје.

Раководителката м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека со редовен програмски надзор кај операторите ПЕТ НЕТ од Гевгелија и ДРИМ САТ ИПТВ од с.Чегране, Гостивар беше констатирано дека реемитуваат програмски сервиси без претходно да ги регистрираат во Агенцијата. Станува збор за домашни радиодифузери односно ПЕТ НЕТ го реемитуваше програмскиот сервис на ТВ Алфа додека ДРИМ САТ програмскиот сервис на Канал 5. Поради тоа направен е писмен извештај и предлогот е да се изрече мерка јавна опомена. По изрекувањето на мерката ќе се известат имателите на правата како што и секогаш се постапува, дека со надзорот е констатирана ваква ситуација. Во однос на издавачот на печатен медиум КАПИТАЛ МЕДИЈА ГРУП од Скопје, рече дека сите печатени медиуми имаат обврска најдоцна до 31 март во еден дневен весник да објават податоци за сопственоста и исечок од објавата да достават во Агенцијата. Овој издавач на печатен медиум не ја исполни обврската. Согласно Законот му беше доставено Барање за изјаснување, рокот за изјаснување помина на 29 мај. На почетокот се соочиле со потешкоти да го достават известувањето, но од денот кога е примено од 19 мај до сега се нема обратено до Агенцијата. Поради тоа предлогот е да му се изрече јавна опомена.

Г-дин Петрушевски рече дека јавните опомени за сите три субјекти посебно за операторите се последица на текот на настаните дека навистина не успеале да постигнат да склучат договори операторите. Се надева дека ова не е некој почеток на конфликт меѓу домашните медиуми бидејќи се работи за два домашни медиуми и два помали

кабелски оператори. Со ова можеби се тестира она што се донесе во законските уредби, процедурата како треба да се пријават иако се работи за домашни не за странски медиуми. Советот секако ќе постапи професионално, по предлогот и операторите ќе мора да си склучат договори со овие домашни медиуми за да можат да ги реемитуваат.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева во врска со коментарот дека можеби има некаков конфликт помеѓу операторите и телевизиите објасни дека операторот ПЕТ НЕТ откако беше направен надзорот си достави пријава и склучен договор со ТВ Алфа и веќе во текот на денешниот ден му се издаде и потврдата. Не станува збор за тоа туку дека во тој момент не бил склучен договор и не бил регистриран.

*<u>Гласање по Точка 3</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-2506/1 од 15.06.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија, и му наложи веднаш по приемот на решението за изрекување мерка, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да го усогласи своето работење со одредбите од членот 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис „Алфа ТВ“ кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени до Агенцијата.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 4</u>*

Г-дин Фетаи во однос на предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот ДРИМ САТ ИПТВ од с.Чегране, Гостивар, рече дека со сопственикот на операторот се први соседи. Праша дали можеби би требало да се изземе од гласање заради судир на интереси?

Г-дин Петрушевски рече доколку го чувствува како близок сосед од морални причини би било добро да се изземе од гласање.

Г-дин Фетаи рече дека по оваа точка се иззема од гласање поради наведените причини.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-2508/1 од 15.06.2020 година и со 5 гласа „за“ (г-дин Фетаи се иззема од гласање од лични и морални причини) заклучи да му изрече мерка јавна опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар, и му наложи веднаш по приемот на решението за изрекување мерка, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да го усогласи своето работење со одредбите од членот 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис „Канал 5“ кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени до Агенцијата.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.03-1983/1 од 22.04.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, и му наложи веднаш по приемот на решението за изрекување мерка, согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, во рок од 45 дена да го усогласи своето работење со одредбите од членот 15 став 2 од Законот за медиуми.

Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје го прекрши членот 15 став 2 од Законот за медиуми односно не ги објави во дневен весник податоците за сопственичката структура и до Агенцијата не достави исечок од објавата.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Вишиот соработник од Службата за јавни набавки Александар Џуваревиќ го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-Канцелариски материјали. Објасни дека оваа набавка секоја година се спроведува и е со проценета вредност од 254.000,00 денари.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: Канцелариски материјали.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Канцелариски материјали е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/5 од 06.05.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 7**

Вишиот соработник од Службата за јавни набавки Александар Џуваревиќ го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка- Пијалаци и потреба за кујна. Објасни дека ова е стандардна набавка која се спроведува секоја година и е со проценета вредност од 200.000,00 денари.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: Пијалаци и потреби за кујна.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Пијалаци и потреби за кујна е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/5 од 06.05.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 8**

Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот, Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за давање согласност за членство на Шведскиот совет за медиуми во ЕПРА и за усвојување на Завршната финансиска сметка на Секретаријатот на ЕПРА за 2019 година. Објасни дека минатата недела Секретеријатот на ЕПРА доставил два документи. Во едниот документ, во Завршната финансиска сметка се прикажани трошоците за плати, трошоците за хотелско сместување и патните трошоци на Секретаријатот поврзани со состаноците на ЕПРА во Сараево и Атина минатата година, трошоците за репрезентација и оние за присуство на

состаноци на членовите на Одоборот на ЕПРА, како и трошоци за тековно одржување. Вториот материјал се однесува за барањето за апликација. Шведскиот совет за медиуми, на 15 ноември минатата година, поднел апликација за членство во ЕПРА. Советот е едно од двете регулаторни тела за медиуми во Шведска, со оглед на тоа што оваа држава има дуален пристап во регулирањето на медиумите - другото е телото за печатени медиуми и емитување кое веќе е членка на ЕПРА и е главно регулаторно тело. Во процесот на имплементирање на Директивата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2018 година, на Советот за медиуми му се доделени нови задачи кои се од регулаторна природа. Неговата главна задача е класификација на филмови за јавно прикажување за деца под 15 години и заштита на малолетниците од штетни содржини во медиумите; соработува со телото за печатени медиуми и емитување во одредувањето дали платформите за споделување видеа ги имаат преземено соодветните мерки во врска со правилата од Директивата за рекламирање, спонзорство и пласирање производи; во име на шведската влада ја води кампањата на Европскиот Совет „Без омраза" чија цел е да спречи расизам, сексизам, ксенофобија и други форми на нетолеранција и да ја брани демократијата од насилен екстремизам. Советот ги координира националните активности за медиумска писменост како и новоформираната мрежа чија цел е да се сподели знаењето и да се координираат иницијативите и на тој начин да се зајакне медиумската писменост меѓу шведската популација. Воедно, Советот на две години, спроведува едно од најголемите истражувања за начинот на користење на медиумите од страна на малолетниците, при што се опфатени деца и младинци меѓу 9 и 18 години во врска со нивните секојдневни медиумски навики и ставови во однос на користењето на медиумите. Заедно со Мрежата за медиумска писменост и во соработка со другите шведски регулаторни агенции, како Агенцијата за заштита на лични податоци, Советот за медиуми развива експертиза во дигиталниот домен. Понатаму наведе дека вообичаено, завршната сметка се усвојува на првиот пленарен состанок на асоцијацијата во годината, кој најчесто се одржува на пролет. На пленарен состанок се одлучува и за апликации за членство. Поради состојбата со пандемијата на Ковид -19, состанокот на ЕПРА, којшто беше предвиден да се одржи од 13-15 мај во Антверпен, Белгија се откажа, поради што, гласањето ќе се одвива преку електронска комуникација. Согласно Статутот на ЕПРА, секоја членка има еден глас и одлуката ќе биде донесена со просто мнозинство од членките кои гласале по два документи во периодот од 22 до 29 јуни. Членките на ЕПРА треба да се произнесат по барањето за членство на Шведскиот совет за медиуми и да ја изгласаат Завршната финансиска сметка на Секретаријатот на ЕПРА за 2019 година.

Г-дин Фетаи рече дека ретко кога има вакво задоволство и ваков свечен момент. Убаво е чувството Агенцијата и Советот да се во група на европските земји каде што и нивниот глас како држава има своја тежина и значајност. Праша зошто досега Шведскиот совет за медиуми не покажал интерес да се приклучат кон ЕПРА?

Раководителката Љубевска одговори дека со сигурност не може да одговори на прашањето, но претпоставува дека досега не пројавиле интерес затоа што можеби нивните надлежности биле полимитирани претходно а од 2018 година добиваат нови задачи кои се од регулаторна природа.

Советот на Агенцијата едногласно даде согласност Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги позитивно да гласа за членство на Шведскиот совет за медиуми во ЕПРА и за Завршната финансиска сметка на Секретаријатот на ЕПРА.

Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот на Агенцијата, по електронски пат, во превидениот рок (од 22 до 29 јуни) да го извести Секретаријатот на ЕПРА.

**Точка 9**

**Разно**

- Г-дин Петрушевски ја најави првата Точка под Разно а тоа беше барање за одобрување за спроведување набавка од мала вредност - потрошен информатички материјал за потребите на Агенцијата за изборниот процес. Набавката е со вредност помалку од 50.000,00 денари и е наменета за слушалки, кабел, тастатури, глувчиња и мемории што ќе бидат потребни за процесот на изборите. Ова е ургентно барање, веројатно службата проверила колку има во резерва и забележала дека и недостасуваат. Во материјалите се ставени на увид две понуди од две компании, едната е 49 илјади другата е 60 илјади и нешто. Рече дека е сосем јасно дека Агенцијата ќе ја прифати пониската понуда.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, едногласно даде одобрување на Директорот на Агенцијата, да донесе одлука за набавка од мала вредност на стока – потрошен информатички материјал за потребите на Агенцијата за изборниот процес, во износ кој нема да надмине 50.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

- Г-дин Петрушевски ја најави втората точка под Разно – Барање од Здружението на електронски медиуми - Медиум објектив од Струмица да се направи корекција на Упатството како тие ќе ги доставуваат материјалите врз основа на кој Агенцијата одобрува дали медиумот ќе земе пари или не. Го повика директорот да даде кратко објаснување. Информира дека не официјално еден мал медиум од Велес, локална телевизија имаше слично барање со телефонско јавување до него и им рекол официјално да се обратат до Агенцијата.

Г-дин Трајчевски објасни дека како што разговарале и пред седницата, нема да се оди со менување на Упатството туку Советот да донесе заклучок Стручната служба да ги прими сите снимки без разлика на форматот и да направи напор да ги обработи сите во рамките на можностите без да се менува упатството.

Г-дин Петрушевски рече дека лично се согласува со овој предлог.

Г-дин Фиданоски рече дека го прифаќа она што го кажал директорот, со еден заклучок Советот да констатира дека Агенцијата како регулатор ќе ги прифати сите формати на снимки што ќе ги испратат радиодифузерите и ќе направи напор да ги отвори за да може да ги мониторира.

Г-дин Трајчевски рече дека Агенцијата ќе ги прими, но нема да ги прифати. Од кога ќе ги прими ќе направи напор да ги обработи, за да не биде сватено дека Агенцијата ќе ги прими и да не ги обработи сепак ќе им потврди. Ќе се примат, ќе се направи напор и се надева дека ќе се успее во тоа. За тие што нема да може да се обработат ќе им се побара снимките да ги достават во соодветен формат.

Советот на Агенцијата едногласно донесе заклучок да ги прими сите испратени материјали без разлика на форматите и да вложи напори технички да ги обработи.

Г-дин Петрушевски рече дека со овој заклучок посебно на помалите медиуми ќе им се помогне да не прават дополнителни трошоци и да си ги земат заслужените средства од изборниот процес во наредниот период.

Г-дин Фетаи рече дека дискусијата која ја одржале пред почетокот на седницата била добра и придонела за разменување на мислења и за разјаснување на предложените точки.

**Бр. 02-2563/12**
**22.06 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**